

Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура

Одржливи развојни цели

# Спречување на насилниот екстремизам преку образованието

## Прирачник за креаторите на политиките

Education 2030

## Образовен сектор на УНЕСКО

Образованието е врвен приоритет на УНЕСКО, бидејќи тоа е основно човеково право и основа врз која се гради мирот и се придвижува одржливиот развој. УНЕСКО е специјализирана агенција за образование на Обединетите нации каде што Секторот за образование обезбедува глобално и регионално лидерство во образованието, ги зајакнува националните образовни системи и влијае врз современите глобални предизвици преку образованието со посебен фокус на родовата еднаквост и Африка.

## Агенда за глобално образование 2030

УНЕСКО, како специјализирана агенција за образование на Обединетите нации, е одговорна за водење и координирање на Агендата за образование 2030, која е дел од глобалното движење за искоренување на сиромаштијата преку 17 цели за одржлив развој до 2030 година. Образованието, кое е од суштинско значење за постигнување на сите овие цели, има своја сопствена цел 4 на која е посветено, а, исто така, има за цел и „да обезбеди сеопфатно и правично квалитетно образование и да ги промовира можностите за доживотно учење за сите“. Рамката за акција дава насоки за спроведувањето на оваа амбициозна цел и обврски.

Образовен сектор

Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура

Објавено во 2017 година од страна на Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации, 7, Пласе де Фонтеноа, 75352 Париз 07 SP, Франција

© 2017 УНЕСКО

ISBN 978-92-3-100215-1

Оваа публикација е достапна во отворен пристап под ознаката ShareAlike 3.0 IGO (CC-BY-SA 3.0 IGO) (Http://creativecommons.org/licenses/by-sa/3.0/igo/). Со користење на содржината на оваа публикација, корисниците ги прифаќаат условите на репозиториумот за отворен пристап на УНЕСКО (Http://www.unesco.org/open-access/terms-use-ccbysa-en).

Употребените ознаки, како и материјалот кој е презентиран во оваа публикација, не се израз на какво било мислење од страна на УНЕСКО во врска со правниот статус на кои било земји, територии, градови или области, или на нивните органи на власта, или во поглед на разграничувањето на нивните територии или граници.

Идеите и ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не претставуваат автоматски идеи и мислења на УНЕСКО, па според тоа не ја обврзуваат Организацијата.

Фотографија од насловната страна: Гиљермо дел Олмо/Шатерсток
Дизајн: УНЕСКО
Печатено од УНЕСКО
Печатено во Франција

CLD 1.651,18

# Спречување на насилниот екстремизам преку

## Прирачник за креаторите на политиките

# Предговор

Во текот на изминатите години бројот на пријавени напади извршени од страна на насилните екстремистички групи е во пораст. Како сведоци на трагедиите кои се случуваат на сите континенти, ние разбираме дека екстремизмот не знае за граници, односно истиот влијае на секое општество. Младите луѓе, сепак, се најмногу изложени на ризик. Тие се главните цели на стратегиите за регрутирање и стануваат жртва на екстремистичко насилство. Овој феномен нè предупредува на ризикот од разочарување на генерација млади луѓе и нивно повлекување.

Во пресрет на ваквите закани не постои единствено решение. Безбедносните одговори се важни, но не се доволни. Тие нема да се справат со многуте основни услови кои доведуваат до насилниот екстремизам и кои ги поттикнуваат младите да се приклучат кон насилните екстремистички групи. Нам ни треба тивка моќ, како што е образованието. Конкретно, ни треба релевантно, инклузивно и правично квалитетно образование.

Ова е неопходно (sine qua non) за ефективна акција и бара од земјите истовремено имплементирање на краткорочни, среднорочни и долгорочни одговори. За да им се помогне на земјите во нивните напори, УНЕСКО ја разви оваа публикација *Спречување на насилниот екстремизмот преку образование. Прирачник за креаторите на политиките*. Прирачникот, исто така, претставува директен одговор на одлуката на Извршниот одбор на УНЕСКО донесена на 197-та сесија (197 EX/Dec 46), преку која земјите членки ја истакнаа потребата од спречување на насилниот екстремизам преку образованието и побараа УНЕСКО да им помогне во овој потфат.

Заедно со *Прирачникот за наставници за спречување на насилниот екстремизам,* изработен од страна на УНЕСКО, овој Прирачник нуди технички упатства за професионалците во образованието (креаторите на политиките, наставниците и различните учесници во образованието) за тоа како да се справат со конкретните предизвици поставени од страна на насилниот екстремизам во секое општество. Прирачникот особено има за цел да им помогне на креаторите на политиките во рамките на министерствата за образование да дадат приоритет, да планираат и да имплементираат ефективни превентивни активности.

Додека бараме одржливи одговори, не можеме да го пренагласиме фактот дека „една големина не одговара на сите“. Образовните стратегии за поддршка на напорите за превенција во голема мера ќе се разликуваат во согласност со контекстот, на пример, конфликтна ситуација, демографија, модел на државјанство, приватно/јавно образование. Сепак, заеднички именител на превентивните напори треба да биде дека тие се однесуваат на водачите на насилниот екстремизам и да се развие отпорност на учениците кон омразата и пропагандата што ја легитимира употребата на насилството.

Нашата колективна надеж е дека Прирачников на земјите членки ќе им ги обезбеди потребните алатки за развој на образовните системи, кои придонесуваат за создавање на мирни општества и поголема социјална кохезија преку обезбедување на соодветно и правично образование со добар квалитет.



Проф. д-р Чиан Танг,
помошник генерален директор за образование

# Благодарност

УНЕСКО се заблагодарува за времето и за напорот потрошени од страна на оние кои беа вклучени во подготовката, изработката и коментирањето на оваа значајна публикација *Спречување на насилниот екстремизам преку образованието. Прирачник за креаторите на политиките.*

Оваа публикација е изработена под надзор на Су Хуанг Чои, директор на Одделението за инклузија, мир и одржлив развој и Александер Лајхт, шеф на Одделот за образование за одржлив развој и глобално граѓанство, Сектор за образование, во седиштето на УНЕСКО. Особена благодарност до Лидија Рупрехт за нејзината водечка улога во координацијата и уредувањето на публикацијата. Карел Фракапејн, Хозе Поан, Алис Моске, Ларослава Каркова и Хуан Пабло Рамирес Миранда од Одделението, исто така, дадоа вредни коментари и помогнаа во реализацијата на оваа публикација.

Оваа публикација не би била возможна без експертите кои дадоа оригинален придонес, односно Лин Дејвис, почесен професор по меѓународно образование на универзитетот во Бирмингем и Габриеле Гетелман, консултант во јавната политика.

УНЕСКО, исто така, имаше голема корист од забелешките споделени од страна на индивидуалните експерти кои учествуваа на Консултативниот состанок за превенција на насилниот екстремизам преку образованието, што се одржа во седиштето на УНЕСКО (21 – 22 март 2016 година, Париз, Франција) и други. За нивниот придонес, благодарност и до: Ес Агбана (ОНСА, Нигерија), Мухамед Бенабделкадер (Националната комисија на УНЕСКО, Мароко), Херман Депарис Окомба (Центар за спречување на радикализацијата која води кон насилство, Канада), Имед Фриха (Маисон де ла Тунис, Франција), Вероник Гасте (Министерство за образование и наука, Франција), Џорџ Годија (Постојана делегација на Кенија во УНЕСКО), Алев Килич (АВИМ, Турција), Зенон Ковал (Валонија – Брисел, делегација во Париз), Мари Кристин Лекомпт (Глобален центар за плурализам, Канада), Сузан Нџау (Министерство за образование, наука и технологија, Кенија), Кумар Рамакришна (Факултет за меѓународни студии, Сингапур), Анела Какс (Центар *Сабаон*, долина Сват, Пакистан), Гру Улверуд (Постојана делегација на Норвешка во УНЕСКО), Хуго Вестер (Националната агенција

за образование, Шведска), Нилс Руман (УНРВА), Бенедикт Роберт (Европска комисија), Каролин Понтефракт (УНРВА), Кели Симкок (Фондацијата за мир на Тим Пари Џонатал Бол), Кристофер Рејнолдс (Совет на Европа) и Милица Поповиќ.

Посебна благодарност до многуте учесници на Меѓународната конференција на УНЕСКО за спречување на насилниот екстремизам преку образованието: преземање акција (19 – 20 септември 2016 година, Њу Делхи, Индија), кои придонесоа преку споделување на нивните искуства, очекувања и идеи за улогата на образованието во спречувањето на насилниот екстремизам.

Исто така, искрена благодарност и до колегите од канцелариите на УНЕСКО и во седиштето за нивните коментари и резиме: Гванг Чол Чанг, Франциско Гомес Дуран, Рикардо де Гимараеш Пинто, Синтија Гутман, Луис Хакстхаусен, Пол Хектор, Ксавиер Хоспитал, Ирмгарда Касинкаите, Дов Линч, Филип Малуф, Сурија Саад Зои, Хорхе Секуеира, Ровани Сигамани и Акеми Јонемура. Ние, исто така, им се заблагодаруваме на нашите колеги во институтите на УНЕСКО, Ананта Кумар Дураиапах (МГИП), Ху Џеонг Ким (АПЦЕИУ), Ана Чунг (АПЦЕИУ) и Мортен Сигсгард (ИИЕП).

На крај, благодарност до сите оние кои ја поддржаа изработката на Прирачникот: Кети Нолан, која го уреди, Френк Друет, кој го изработи оригиналниот дизајн и корицата и Мартин Вискенден, кој ја обезбеди соодветната поддршка за изработка на истиот.

# Содржина


**1. Вовед ........................................................................................ 10**

**2. Разбирање на насилниот екстремизам ........................................ 18**

2.1. Терминолошка комплексност ........................................................ 18

2.2. Двигатели (носители) и начини ..................................................... 20

2.3. Улогата на образованието ............................................................ 22

**3. Подрачја на дејствување ............................................................. 29**

3.1. Политики за инклузија и разновидност ......................................... 29

3.2. Педагогии кои ја зајакнуваат флексибилноста и конструктивниот ангажман. ........................................................................ 32

3.3. Безбедни и поддржани училишни средини .................................... 36

3.4. Конкретни мерки за учениците изложени на ризик ......................... 40

3.5. Соработка на засегнатите страни ................................................. 44

**4. Модалитети на спроведување ..................................................... 54**

4.1. Пристапи на ниво на сектор .......................................................... 56

4.2. Пристапи базирани на наставната програма ................................. 57

4.3. Обука и поддршка на наставниците .............................................. 58

4.4. Пристапи и интервенции во целото училиште ............................... 60

4.5. Неформално образование и пристапи базирани на заедницата ..... 61

4.6. Меѓусекторски партнерства ......................................................... 62

**5. Често поставувани прашања ........................................................ 66**

**Забелешки ......................................................................................... 71**

# 1. Вовед

***Контекст.*** Насилниот екстремизам стана сериозна закана со која се соочуваат општествата во светот. Тој влијае на безбедноста, благосостојбата и достоинството на голем број поединци кои живеат како во развиените така и во земјите во развој, како и на нивниот мирен и одржлив начин на живот. Тој, исто така, претставува сериозен предизвик за човековите права. До денес, предизвиците поврзани со насилниот екстремизам се проценети првенствено преку воениот и безбедносниот објектив. Од 2001 до 2017 година, Владата на Соединетите Американски Држави самата потроши околу 1,78 милијарди долари за борба против тероризмот. Трошоците на Европската Унија се очекува да се зголемат од 5,7 милиони евра, во 2002 година, на 93,5 милиони евра, во 2009 година. Владите се сѐ повеќе свесни дека издвојувањето на средства за да се зајакнат мерките за безбедност не се доволни да ги заштитат сите од терористички напади извршени од страна на насилните екстремистички поединци. Напорите за спречување на насилниот екстремизам мора да се вложат во холистички рамки.

***Глобална стратегија.*** Во овој контекст, Петтиот преглед на Стратегијата за глобална борба против тероризмот на Обединетите нации[1] (30 Јуни – 1 Јули 2016 година) дава можност да се нагласи, меѓу другите цели, важноста на напорите за превенција и го поздрави Акцискиот план на генералниот секретар на ОН за спречување на насилниот екстремизам (објавен во декември 2015 година). По тој повод, Генералното собрание на ОН препорачува дека земјите треба да ги земат предвид неговите препораки, применливи на националните контексти, со поддршка на Обединетите нации.

Во Планот, генералниот секретар на ОН повика на еден сеопфатен пристап за решавање на основните услови кои ги тераат поединците да се приклучат на насилните екстремистички групи.

Меѓу своите приоритети за дејствување е потребата за поддршка на „образованието, развојот на вештините и олеснувањето на вработувањето", како начин за поттикнување на почитување на човековата различност и младите луѓе да се подготват да влезат на работно место. Препораката, исто така, се однесува на потребата да се инвестира во програмите со кои се промовира глобалното граѓанство и да се обезбеди сеопфатно основно и високо образование,

вклучувајќи го техничкото и стручното образование.

И Извршниот одбор на УНЕСКО, на својата 197-ма седница, донесе одлука за улогата на УНЕСКО во промовирањето на образованието како инструмент за спречување на насилниот екстремизам, со која се признава улогата на образованието како катализатор во поттикнувањето на флексибилноста на младите луѓе[2]. Одлуката понатаму утврди дека оваа работа треба да биде поврзана со пошироката посветеност на УНЕСКО за промовирање на образованието за глобалното граѓанство, образованието за човековите права и други иницијативи предводени од Организацијата во областа на културата и комуникацијата за спречување на насилниот екстремизам.

### Релевантни документи на ОН и на УНЕСКО, резолуции и одлуки за спречување на насилниот екстремизам

- Резолуцијата 60/288 на Генералното собрание, Стратегија на ОН – Глобална борба против тероризмот, A / RES / 60/288 (8 септември 2006 година)[3].
- Советот за безбедност на ОН, Резолуцијата 2178, Закани за меѓународниот мир и безбедност предизвикани од терористички акти, S / RES / 2178 (24 септември 2014)[4].
- Извршен одбор на УНЕСКО 197 EX / Одлука 46, Улогата на УНЕСКО во промовирањето на образованието како инструмент за спречување на насилниот екстремизам (7 октомври 2015 година)[5].
- Советот за безбедност на ОН, Резолуцијата 2250, За младите, мирот и безбедноста, S / RES / 2250 (9 декември 2015 година)[6].
- План за акција за спречување на насилниот екстремизам, извештај на генералниот секретар, A / 70/674 (јануари 2016 година)[7].
- Резолуција на Генералното собрание на ОН 70/291, Глобално контраразузнавање на Обединетите нации. Тероризмот, стратегија, преглед, A / RES / 70/291 (1 јули 2016 година)[8].
- Советот за човекови права на ОН, Резолуцијата 30/15, За човековите права и спречување и борба против насилниот екстремизам[9].

***Одговор на УНЕСКО.*** Во однос на стратегиите одобрени од страна на Обединетите нации и на Извршниот одбор на УНЕСКО, Секторот за образование на УНЕСКО се залага за градење на капацитетите на клучните учесници во образованието, односно на креаторите на политиките во образованието, наставниците, училишниот персонал и актерите кои работат во

областа на неформалното образовно опкружување. Ова се прави преку изготвување на материјали со упатства за нивна употреба.

- Во првата половина на 2016 година, Секторот издаде *Прирачник за наставниците за* ***превенција на насилниот екстремизам.*** **Прирачникот е преведен на четири јазици на ОН, односно на арапски, англиски, француски и руски јазик.**

Прирачникот е наменет за креаторите на политиките во образованието, училишниот персонал и едукаторите во целост. Тој нуди практични совети за тоа што може да се направи во рамките на образовниот систем, во училиштата и во сите средини за учење за поддршка на ефективните мерки за превенција.

Напорите на УНЕСКО во оваа област придонесуваат за реализација на агендата за глобалното образование – Образование 2030 – а особено за имплементација на целта 4.7. од Целта на одржливиот развој 4 (СДГ 4) на образованието.

На организациско ниво, заедничките активности и меѓусекторската соработка меѓу образованието, општествените и хуманистичките науки, комуникациите и секторите за култура се развиени од главното седиште и неговите подрачни канцеларии.

- **Образованието како инструмент за спречување на насилниот екстремизам**. УНЕСКО има за цел да им помогне на земјите да испорачуваат програми за образование кои ја зголемуваат отпорноста на младите луѓе кон насилните екстремистички пораки и поттикнуваат позитивно чувство на идентитет и припадност. Ова се спроведува во рамките на глобалното граѓанско образование.

- **Медиуми и онлајн коалиции за спречување на насилниот екстремизам.**

Со употребата на глобалниот дострел на интернетот и неговата разновидна мрежа на партнери, УНЕСКО ги мобилизира заинтересираните страни, особено младите, креаторите на политиката, истражувачите и актерите на медиумите за преземање ефективни акции, како на интернет така и офлајн, за спречување и одбивање на насилниот екстремизам и радикализација на интернет. Ова особено вклучува помош во развојот на алтернативни дискурси за онлајн екстремистичките содржини, борба против говорот на омраза преку интернет и градење на капацитет на засегнатите страни за развивање на иновативни одговори, додека истовремено се промовира заштита на слободата на изразување, приватност и други основни слободи.

**Учество на младите и оспособување.** Младинскиот тим на УНЕСКО се фокусира на создавање на поволна средина за зајакнување и демократско учество на младите со цел да се осигура дека младите жени и мажи имаат можности да станат активни глобални граѓани.

Неговиот меѓусекторски одговор на Резолуцијата 2250 за младите на Советот за мир и безбедност ги става младите жени и мажи во самото срце на решавање на основните причини за насилен екстремизам. Поврзувањето на образованието, општествените и хуманистичките науки, комуникацијата, информациите и културата гарантираа дека младите луѓе се обезбедени со повеќеаспектна обука, вештини и поддршка потребна за да се ангажираат како активни граѓани кои го водат глобалното движење кон создавање мирољубив свет.

**Славење на културната различност**. УНЕСКО ги ангажира младите во заштитата на сите форми на наследство и во промовирањето на културната разновидност за да се поттикнат пофер, поинклузивни и помирни општества преку кампањата *# Unite4Heritage* и Образовните програми за наследство и творештво. Овие иницијативи го поедноставуваат вклучувањето на младите во заштитата, унапредувањето и преносот на сите форми на наследство и нивното активно учество во културниот живот.




***Прирачникот за наставниците за спречување на насилниот екстремизам*** е концизен и практичен референтен прирачник за наставниците и за едукаторите на повисоко основно/пониско средно ниво за тоа како да управуваат со дискусиите во училницата поврзани со контроверзни прашања со цел да се спречи насилниот екстремизам.

Прирачникот содржи фактички информации со кои се откриваат митови и недоразбирања околу прашањето за насилниот екстремизам и дава позитивни пораки, како што се оние во срцето на глобалното граѓанство. Исто така, тој вклучува и практични совети и препораки за тоа како учениците да се вклучат во значајни разговори и дебати, како да се подготват и како наставниците да управуваат со дискусиите во училницата на оваа тема. Конечно, тој дава примери на материјали и клучни референци, кои можат да им помогнат на наставниците да се чувствуваат посигурни во справувањето со проблемот. Прирачникот е достапен на: http://unesdoc.unesco.org/images/0024/002446/244676e.pdf

***Корисници.*** Актерите и засегнатите страни коишто работат во образованието се главните корисници на Прирачникот, односно тоа се: креаторите на политиката, планерите, творците на наставната програма, наставниците обучувачи, раководителите на училиштата, наставниците, советниците и училишните одбори. Иако се фокусираше на формалниот образовен систем, општите начела и насоките содржани во Прирачникот можат да бидат релевантни за наставниците коишто работат во младински здруженија, центрите на заедницата, спортските клубови и во други невладини организации. И претставниците на граѓанското општество, коишто работат со млади луѓе, исто така, ќе го користат Прирачникот, бидејќи истиот дава и предлози за тоа како да се соработува со младите луѓе, без разлика дали во или надвор од училиштето, во напорите да се спречи насилниот екстремизам. Заинтересираните коишто работат во агенциите за развој, исто така, можат да најдат инспирација во Прирачникот за развивање партнерства и спроведување на програми за градење на капацитети и проекти за спречување на насилниот екстремизам.

**Структура на Прирачникот.** Прирачникот е составен од пет дела. Првиот дел, всушност, претставува воведот. Делот 2 објаснува неколку клучни термини и ја истакнува улогата на образованието во спречување на насилниот екстремизам. Делот 3 ги идентификува петте главни области на делување за креирање на политиките во образованието (формално и неформално). Мерките што се опишани во овој дел можат да се спроведат на различни начини, во зависност од контекстот. Делот 4 дава преглед на главните модалитети на имплементација. Конечно, во делот 5 се дадени одговори на најчесто поставуваните прашања кои беа собрани од разните консултации кои помогнаа во обликувањето на Прирачникот. Овој дел има за цел да обезбеди увид во многу вистински предизвици кои можат да се појават кога некој се подготвува да развие и да спроведе мерки за спречување на насилниот екстремизам преку образованието.

***Како да го користите.*** Со оглед на комплексноста на феноменот на насилниот екстремизам, ставовите и препораките содржани во Прирачникот треба да се гледаат како синтеза на тековното размислување и добрите практики во согласност со образовните професионалци. Прирачникот не е наменет да биде нормативен. Се препорачуваат акции кои можат да се спроведат, како и кога е соодветно, а откако тие ќе бидат уредно контекстуализирани да се осигура дека тие се однесуваат на специфични предизвици поставени од страна на насилниот екстремизам во секое општество.

Овој прагматичен пристап произлегува од признанието дека и покрај растечкиот број на истражувања за процесите на радикализација кои водат кон насилство, појавата на феноменот на насилен екстремизам останува тешко да се разбере. Според истражувачите[10], генерализирањето не може лесно да се екстраполира од поединечни случаи, ниту, пак, е пожелно, бидејќи тие можат да предизвикаат стигматизација на популациите, што, пак, предизвикува тензии и конфликти. Со таквите празнини во нашето разбирање на оваа појава, важно е да се нагласи дека нема единствен пат кон насилниот екстремизам, ниту, пак, постои единствен одговор.

# 2. Разбирање на насилниот екстремизам

# 2. Разбирање на насилниот екстремизам

## 2.1. Терминолошка комплексност

Терминологијата која го опфаќа насилниот екстремизам е комплексна и сè уште во голема мера се дебатира. Ова е поради различни причини, а најмногу поради фактот што многу термини кои се користат во оваа област не се универзално прифатени дефиниции. Како што е истакнато во Акцискиот план на Генералниот секретаријат на ОН за спречување на насилниот екстремизам, дефинициите за „тероризам“ и „насилниот екстремизам“ не се јасни. Дефинирањето на овие термини е привилегија на земјите членки. Таквите дефиниции мораат да бидат во согласност со обврските на земјата според меѓународното право, а особено со Законот за човекови права.

Во овој контекст, Генералното собрание на Обединетите нации одлучи да користи „практичен пристап“ за ова прашање, кој не бара да се обезбеди дефиниција на овие поими. Наместо тоа, со консензус ја усвои Глобалната стратегијата за борба против тероризмот на ОН, која обезбедува заеднички стратешки и оперативен пристап за борба против тероризмот. Слично на тоа, Акцискиот план на Генералниот секретаријат на ОН за спречување на насилниот екстремизам има намера да продолжи со „практичниот пристап“ за спречување на насилниот екстремизам, без да бара да се решат прашањата за дефиницијата[11].

Друга причина зошто дискусиите за терминологијата се комплексни во меѓународните контексти е поради предизвиците поврзани со преводот. Несомнено, кога се преведуваат овие термини тие можат да добијат ново или суптилно значење кое го зголемува потенцијалот за крос-културни недоразбирања.

Освен тоа, професионалците коишто работат на спречување на насилниот екстремизам од различни сектори на општеството и контекстите, исто така, можат да користат слични зборови за да одредат различни реалности, што претставува уште еден слој на софистицираност на дискусиите за насилниот екстремизам.

Бидејќи не постои консензус за дефинициите, се препорачува овие забелешки да се дискутираат и да се дефинираат на национално ниво, како предуслов за секоја заложба за планирање со цел целосно да се разберат повеќекратните импликации на секој термин.

Сепак, со цел на креаторите на политиките да им се овозможи увид во предметот, покрај гореспоменатите терминолошките предизвици, следниот дел ги разгледува клучните термини кои се користат во оваа област.

***Екстремизам.*** Буквално, „екстремизам“ значи „верба и поддршка на идеите кои се многу далеку од она што повеќето луѓе го сметаат за точно или разумно“[12]. „Екстремизмот“, всушност, се однесува на ставовите или однесувањата кои се сметаат дека се надвор од нормата. Овој основен речник ја нагласува субјективната природа на терминот, што може да има различни значења во зависност од тоа кој ја дефинира нормата и кој одлучува што е прифатливо, а што не е прифатливо.

***Насилен екстремизам.*** Не постои меѓународна спогодба во врска со дефиницијата на насилниот екстремизам[13]. Најчестото сфаќање на поимот кој се применува во Прирачникот е тоа што тој се однесува на верувањата и постапките на луѓето кои поддржуваат или користат насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели[14]. Ова вклучува тероризам и други форми на политички мотивирано и секташко насилство. Обично, „насилниот екстремизам“ го идентификува непријателот или непријателите кои се предмет на омраза и насилство. Концептуалното јадро на насилниот екстремизам е тоа што е идеолошки мотивирано место за употреба на насилството, најчесто базирано на теории на заговор.

***Тероризам.*** „Тероризмот“ се однесува на одредена стратегија усвоена со цел да се постигне одредена политичка цел која е единствена во намерното создавање страв. Во обележјето на Резолуцијата на Генералното собрание на ОН (A / RES / 64/297), земјите силно и недвосмислено го осудија тероризмот во сите негови форми и манифестации „*извршени од страна на кој било, каде било и поради кои било причини, што претставува една од најсериозните закани за меѓународниот мир и безбедност*“[15]. Прирачникот не го покрива широкиот спектар на активности кои можат да бидат вклучени во разбирањето на тероризмот. Тоа е ограничено, наместо да се адресира идеолошки мотивираната употреба на насилството. Многу често термините „насилен екстремизам“ и „тероризам“ погрешно се користат. Тероризмот е форма на насилен екстремизам, а честопати е и идеолошки мотивиран. Концептуалното поддржување на тероризмот, што го разликува од насилниот екстремизам, е создавање страв или терор како крајно средство.

***Радикализација.*** Исто како и терминот „екстремизам“ и терминот „радикализација“ е многу дебатиран кога се користи во контекст на насилниот екстремизам. Загриженоста е дека употребата на терминот може да служи за оправдување на ограничувањата на слободата на говорот. Навистина, поимот „радикализација“ може да биде дефиниран на различни начини во зависност од околностите.

Во одредени контексти тој може да значи едноставно „сакаат да предизвикаат политички промени“. Во контекст на напорите за спречување на насилниот екстремизам терминот „радикализација“ најчесто се користи за опишување на процесите во кои едно лице усвојува екстремни ставови или практики до точка на легитимност на употребата на насилството[16]. Клучната идеја овде е процесот на прифаќање на насилството. Ако некој сака да укаже на процесот со кој се станува насилен екстремист, изразот „радикализација која води кон насилство“ ќе биде посоодветен од „насилниот екстремизам“, кој се фокусира на идеолошки мотивираната примена на насилството.

***Еластичност.*** Поимот „еластичност“ генерално се однесува на способноста на поединеците да ги надминат предизвиците кои имаат негативно влијание врз нивната емоционална и физичка благосостојба. Во контекст на насилниот екстремизам „еластичноста" се однесува на способноста на поединците да се спротивстават или да не се придржуваат до ставовите и мислењата кои го прикажуваат светот во ексклузивни вистини, кои ја легитимизираат омразата и употребата на насилството. Во образованието ова подразбира развивање капацитет на учениците да размислуваат критички, да учат преку истражување (учење засновано на истражување) и да ги потврдат фактите со тоа што нема да бидат жртва на поедноставените и еднодимензионалните погледи на светот пропагирани од насилните екстремистички групи. Градењето еластичност меѓу учениците и младите е една од клучните мерки која може да биде имплементирана од страна на Секторот за образование за да се спречи ширењето на насилниот екстремизам.

## 2.2. Двигатели (носители) и начини

***Двигатели (носители).*** Корените на насилниот екстремизам и причините за радикализација кои доведуваат до насилство се различни и повеќеслојни. Не постои единствен знак со кој се покажува некој степен на сигурност дека некое лице е изложено на опасност. Конвенционално, двигателите (носителите) на насилниот екстремизам се диференцираат во две категории: фактори на „притискање“ и фактори на „привлекување“. Факторите на „притискање“ се однесуваат на условите кои се погодни за насилниот екстремизам. Тие се пошироки процеси кои ги „притискаат“ поединците кон насилните екстремистички групи. Факторите на „привлекување“ се подразбираат како индивидуални мотиви кои привлекуваат потенцијални регрути и начела кои може да се користат за легитимирање на насилството[17]. Овие фактори се поделени подолу за да им помогнат на креаторите на политиката да ги разберат патиштата на радикализацијата што можат да доведат до тоа едно лице да изврши насилен чин. Листата не подразбира дека секој фактор, земен поединечно, е неопходен „сигнал“ за радикализација која води кон насилен екстремизам.

На пример, сиромаштијата може да придонесе, во некои случаи, поединците да се приклучат на насилните екстремистички движења, но тоа не треба да се смета за неопходно или за единствена причина [18].

Намерата за воспоставување на оваа индикативна листа на фактори е да се пренесе пораката дека комбинацијата од факторите на притискање и привлекување може да помогне да се објасни како индивидуалните мотиви, личните средби и изборот, во даден контекст кој е погоден за насилниот екстремизам, можат да бидат причина за загриженост.

Разбирањето на овие нијанси е од клучно значење за да се избегнат генерализации кои можат да предизвикаат стигматизација на популациите, кои за возврат ги генерираат поплаките и колективните чувства на незадоволство, што дополнително ги надополнуваат насилните екстремистички наративи.

## Двигатели (носители) на насилниот екстремизам

| Фактори на привлекување<br>(Индивидуални мотивации) | Фактори на притискање<br>(Услови кои се поволни) |
|---|---|
| * Индивидуалната средина (егзистенцијална и духовна потрага по својот идентитет и цел, утописки свет, визија, досада, адолесцентна криза, чувство за мисија и хероизам, ветување на авантура и моќ, привлекување на насилство итн.).<br><br>* Идентификација со колективни жалби и наративи на виктимизација, кои предизвикуваат силни емоционални реакции, кои, пак, можат да бидат изманипулирани од страна на харизматичните лидери.<br><br>* Дисторзија и злоупотреба на верувања, политички идеологии и етнички и културни разлики (привлекување на едноставни погледи на светот кои го делат светот на „ние против нив“ итн.).<br><br>* Привлекување на харизматичното лидерство и социјалните заедници и мрежи (односно, харизматичен регрут кој обезбедува пристап до моќ и пари, чувство на припадност кон една моќна група/заедница итн.). | * Недостиг на социоекономски можности (сиромаштија, невработеност, корупција итн.).<br><br>* Маргинализација, неправди и дискриминација, вклучувајќи го и искуството на ексклузија (исклучување) и неправда, стигматизација, понижување.<br><br>* Лошо владеење, повреди на човековите права и владеењето на правото (недостиг на искуство во/изложување на процесите на дијалог и дебата, култура на неказнување за незаконско однесување, кршење на меѓународното право за човекови права извршени во име на државната безбедност, недостиг на средства за да се направи гласот да биде слушнат или изразување фрустрација итн.).<br><br>* Продолжени и нерешени конфликти.<br><br>* Процесите на радикализација во затворите водат кон легитимирање на насилството.<br><br>* Итн. |

***Начини.*** Не постои формула или рецепт за факторите на притискање и привлекување кои произведуваат насилен екстремизам, ниту, пак, овие фактори остануваат статични низ различни фази од животот на една личност. Чувствителноста на лицето во поглед на насилниот екстремизам може да се промени со текот на времето и да се разликува во зависност од околностите. Според тоа, нема стандардна патека на радикализацијата која води кон насилство. Поради тоа не е само тешко, туку и залудни се обидите да се утврди фиксен сет на „стандардни профили“ на насилните екстремисти.

Научниците кои го проучуваат вооружениот конфликт[19] се повикуваат на теоријата на „алчноста наспроти навредата“ за да ги објаснат двата најчести лични мотива за учество во насилен конфликт. „Алчноста“ се однесува на идејата дека борците се водени од анализата на трошоците, придобивките. Применети на насилниот екстремизам, тоа би значело дека поединците се приклучуваат кон насилните екстремистички групи заради наградите кои можат да ги обезбедат (на пример, пари, моќ, контрола на население и територија). „Навредата“ се однесува на аргументот дека поединците земаат оружје за решавање на прашањата за идентификување (на пример, етничка припадност, религија, општествена класа), наместо да го подобрат својот економски статус.

Заеднички именител во двата случаја е дека насилството се смета за прифатливо средство за да се добие награда, одмазда, надоместок и/или обештетување.

## 2.3. Улогата на образованието

***Што може да се постигне?*** Образованието не може да спречи поединец да изврши насилен чин во име на насилна екстремистичка идеологија, но обезбедувањето релевантно образование со добар квалитет може да помогне да се создадат услови што ќе им отежнат на насилните екстремистички идеологии и акти да се размножуваат. Поконкретно, образовните политики можат да обезбедат дека местата за образование (учење) нема да бидат почва за насилниот екстремизам. Тие, исто така, можат да обезбедат дека наставните содржини и пристапите во наставата/учењето ја развиваат отпорноста на учениците кон насилниот екстремизам. Според тоа, улогата на образованието е да не се пресретнуваат насилните екстремисти или да се идентификуваат поединци кои потенцијално можат да станат насилни екстремисти, туку да се создадат услови кои градат одбрана меѓу учениците против насилниот екстремизам и зајакнување на нивната посветеност на ненасилството и мирот.

## Образованието во Акцискиот план на Генералниот секретаријат на ОН за спречување на насилниот екстремизам (A/70/674)

Образованието, развојот на вештините и вработувањето претставуваат едно од седумте подрачја на акција утврдени во Акцискиот план на Генералниот секретаријат на ОН.

„Како дел од борбата против сиромаштијата и социјалната маргинализација, треба да се осигураме дека секое дете добива квалитетно образование кое го подготвува за живот, како што е предвидено според правото на образование. Образованието треба да вклучува настава за почитување на човековите права и разновидност, поттикнување на критичко размислување, промовирање на медиуми и дигитална писменост, како и развивање на однесувањето и социоемоционалните вештини, кои можат да придонесат за мирен соживот и толеранција.

1 . Инвестирајте во образованието, особено во образованието во раното детство, на возраст од 3 до 8 години за да се осигура дека сите деца ќе имаат пристап до инклузивно, квалитетно образование, земајќи ги предвид различните општествени и културни средини.

2 . Спроведување на образовни програми кои промовираат глобално ʾграѓанство‘, хуманитарни вештини, критичко размислување и дигитална писменост и истражување на начини за воведување на граѓанското образование во наставните планови и програми, учебниците и наставните материјали. Градење на капацитетите на наставниците и едукаторите за поддршка на оваа програма.

3 . Обезбедување сеопфатно основно образование преку терцијарното образование, вклучувајќи го и техничкото и стручното образование и менторството за сите ранливи лица, вклучувајќи ги и бегалците, со влијание на интернетот и мобилните технологии.“

Препорака: Акцискиот план – извештај на Генералниот секретаријат на Обединетите нации за спречување на насилниот екстремизам, (декември, 2015 година), A / 70/674; став 54.

***Ефективност.*** Образованието само по себе може да има само ограничено влијание врз спречувањето на насилниот екстремизам ако ги засили ексклузивните светски ставови и го толерира насилството во каква било форма. За ефективно влијание образовните политики и практики мораат, директно и индиректно, да ги утврдат двигателите (носителите) на насилниот екстремизам. Бизнисот, како и обично, нема да го стори тоа, ниту, пак, ќе даде еднократни решенија. Потребна е мешавина на краткорочни, среднорочни и долгорочни образовни мерки.

Главна меѓу овие мерки е спроведувањето на инклузивни и правични образовни политики и практики, кои ги гледаат индивидуалните разлики не како проблеми кои би се решиле, туку како можности за збогатување на знаењето[20].

На педагошко ниво тоа значи приоритет не само на когнитивните вештини туку и на социоемоционалните вештини и вештините на однесувањето на учениците во поглед на поттикнување на почитување на различностите и одговорниот ангажман.

Може да има и интензивна дискусија за специфичната улога на образованието во спречување на насилниот екстремизам. Мислење на УНЕСКО е дека изборот ништо да не се прави додека дебатата не се реши – не е опција. Растечката закана од радикализацијата која води кон насилство покажува дека образовните системи можат да направат повеќе за да се промовира поголема социјална кохезија преку обезбедување на соодветно и правично образование со добар квалитет.

Кога училиштата не им обезбедуваат на учениците релевантно учење, вклучувајќи ги и алатките и можностите за да се утврди нивната иднина и да учат за чувствителни прашања во врска со локалните и глобалните конфликти и тензии, учениците најверојатно ќе бараат одговори од помалку сигурни извори на информации, кои можат да бидат манипулирани од насилни екстремистички регрути.

И на крај, образованието има важна улога во ослободувањето, рехабилитацијата и реинтеграцијата. Во својот Римски меморандум за добрите практики за рехабилитација и реинтеграција на насилните екстремистички прекршители, Глобалниот форум за контратероризам (ГЦФ) препорачува во напорите за рехабилитација и во програмите да ги вклучат когнитивните вештини и основните курсеви за образование, како и стручната обука [21].

## Проект *Сабаон*, Пакистан

Проектот ***Сабаон***, инициран од страна на пакистанската армија и спроведен од Академиците за социјална заштита и Организацијата за обука (СВАаТ) од 2009 година, се спроведува во правец на дерадикализирање и рехабилитирање на поранешната милитантна младина, која е вклучена во насилните екстремистички активности и приведена од страна на армијата во Сват и околните области во Пакистан. Врз основа на индивидуален пристап и интервенција, проектот го следи моделот во три чекори:

**Слика 1:** *Сабаон модел за дерадикализација и рехабилитација*

| | | |
|---|---|---|
| **ОЦЕНУВАЊЕ ПРИ ИНДУКЦИЈА** | • Наративен доказ.<br>• Психометриско оценување. | • Семеен наратив.<br>• Посета на заедницата и оценка на ризикот. |
| **ИНТЕРВЕНЦИЈА** | • Редовно образование.<br>• Стручна обука.<br>• Корективни верски упатства. | • Психосоцијална поддршка.<br>• Спорт и рекреација. |
| **РЕИНТЕГРАЦИЈА** | • Постреинтеграци-ја, мониторинг.<br>• Реиндукција. | • Мониторинг за превенција на рецидиви (повторен ангажман во милитантност). |

Извор: Перача, Ф., Кан, Р.Р., Ајуб, А. и Аијаз, К. „Пакистан: лекции од дерадикализација на младите талибанските борци“. *Како да се спречи: екстремизмот и политичките опции,* 2015, 50. Објавено од страна на Институтот „Тони Блер“ за глобалните промени (поранешна „Tony Blair Faith Foundation“).

Во времето на индукција (чекор 1), младите корисници (адолесценти помлади од 18 години) подлежат на детално оценување со цел да се утврди нивната емоционална и невропсихолошка состојба, како и нивното ниво на образование, земајќи го предвид нивното поранешно училишно досие. Врз основа на тоа, младите имаат корист од адаптирани модули за учење, кои имаат за цел развивање и подобрување на критичкото размислување и психосоцијалните вештини.

Тие, исто така, можат да се комбинираат со курсеви за стручно оспособување.

*Дознајте повеќе за проектот* ***Сабаон*** на:
http://tonyblairfaithfoundation.org/sites/default/files/How%20to%20Prevent_Global%20Perspectives%20Vol%202_0.pdf


Клучни димензии на ефективните одговори за спречување на насилниот екстремизам
ИНКЛУЗИЈА
ЕЛАСТИЧНОСТ
ПАРТНЕРСТВО
ПРОЦЕДУРИ
БЕЗБЕДНОСТ & БЛАГОСОСТОЈБА

# 3. Подрачја на дејствување

Исто како што патот кон насилниот екстремизам претставува сложено и индивидуално патување, не постои единствен сет на решенија за спречување на насилниот екстремизам преку образованието. Реакциите на образованието ќе се разликуваат во зависност од контекстот, односно од конфликтната ситуација, демографијата, граѓанскиот модел, договорот меѓу приватните/јавните провајдери итн.

Во зависност од капацитетите, потребите и барањата на секоја земја, подрачјата на дејствување, претставени подолу, можат да се реализираат самостојно или како дел од интегрираниот план за превенција.

## 3.1. Политики за инклузија и разновидност

***Принципи.*** Еден од факторите за привлекување на насилниот екстремизам е чувството на припадност од страна на оние кои се приклучуваат кон насилните екстремистички групи. За овие лица членството се смета како средство за надминување на чувството на исклученост или неправда. Тоа, исто така, се појавува за да се создаде социјална средина, која навидум го вреднува човекот и ги дарува своите членови со посебна мисија. Училиштата можат да придонесат за привлекување на насилни екстремистички групи кога тие нема да ги исполнат своите ветувања за вклучување на учениците во општеството и кога тие нема да обезбедат чувство на припадност кон заедницата за учење.

Затоа, образовните системи треба да имплементираат и да спроведуваат инклузивни образовни политики кои им овозможуваат на сите девојки и момчиња да се чувствуваат безбедно, моќно и самоуверено, односно да се чувствуваат како рамноправни членови на заедницата за учење. Вклучувањето во овој контекст подразбира постојана потрага да се најде подобар начин да се одговори на различноста[22] на учениците и да се обезбеди дека учениците ја доживуваат нивната разновидност на позитивен начин. Секој ученик е важен и тоа подеднакво важен. Засновани на принципот на почитување, инклузивните политики се однесуваат на учењето да се живее со и од различноста и разликата на дневна основа во образовен контекст.

Дури и во земјите и контекстите со навидум неразлични популации во однос на социјалната и културната позадина, принципите на инклузија и почитувањето на

различностите се од витално значење, на начин што на учениците им помагаат да развијат повеќе отворени и потолерантни погледи на светот, кои за возврат им овозможуваат похармонично да живеат со другите надвор од своите национални граници. Инклузивната образовна политика, исто така, овозможува да се подигне свеста за помалку очигледната изразеност на различностите во општеството, кои се вредни извори на креативност и иновација.

Затоа, вклученоста и почитувањето на различноста се принципи кои се во срцта на образовната политика која се обидува да го поткопа (ослабе) насилниот екстремизам.

***Клучни задачи.*** Принципите на инклузија и почитувањето на различностите треба прво и основно да се рефлектираат во наставниот план, во учебниците и во други референтни материјали. Учениците од малцинските групи би можеле да се чувствуваат маргинализирани ако нивните заедници или групните идентитети, вклучувајќи и културни референци, се погрешно или воопшто не се застапени во учењето и во училишните материјали. Поделбата на стереотипите и стигматизирањето на претставувањето на поединци од специфични групи (без разлика дали се од мнозинството или малцинството), навистина може да ги навреди учениците доколку таквите стереотипи не се соочат со предизвикот и на крајот не се отстранат од учењето и од наставните материјали.

Говорот на омраза[23] претставува најсериозна закана за учениците и за средините за учење. Тој треба да биде недвосмислено осуден и отстранет од сите наставни материјали и од учењето (вклучувајќи ги и онлајн ресурсите).

Наставниците и креаторите на наставната програма треба да бидат свесни за можното влијание на недостатоците и/или погрешните примери на перцепциите на другите ученици (во рамките на општеството и надвор од неговите граници) и да дадат соодветни насоки за да се поттикне разбирањето и почитувањето на различностите. Ова може да се случи преку соработка со културните институции, како што се музеите и културните центри, кои обезбедуваат алтернативни можности за младите да се запознаат со своите и со другите култури. Таквата соработка може да помогне да се препознаат и да се разберат различните толкувања на историските настани, особено кога тие се причина за длабоко вкоренети спорови и огорченост меѓу групите и заедниците.

Тековната сеопфатна реформа на наставната програма може да биде идеална можност да се отстранат штетните претставувања и да се промовираат вредностите кои го поттикнуваат чувството на припадност кон некое заедничко човеково наследство. Во некои земји, одредена единица во рамките на нивните министерства за образование, во консултација со експерти од другите министерства одговорни за културни, младински и социјални работи, ги испитува постојните и новите учебници во поглед на националните политики за

признавање на малцинските групи. Содржината на учебниците може да се ажурира преку комплементарно користење на поновите интернет или други медиумски материјали, сѐ со цел да се прошири разбирањето на учениците за вредностите на културната различност и сите форми на наследство. Ова може да се постигне со нагласување на испреплетениот и динамичен карактер на културата што произлегува од континуираната размена на поединци, заедници и општества со текот на времето.

## Образовни програми за наследство и творештво

УНЕСКО го организира Светскиот младински форум за наследство (World Heritage Youth Forums) со цел промовирање на меѓукултурниот дијалог и соработка, како и да се продлабочи разбирањето на младите луѓе за културната различност. УНЕСКО, исто така, ја води и Светската волонтерска иницијативата за наследство (World Heritage Volunteers Initiative), која ги вклучува младите луѓе и нивните организации во заштита и промоција на културното наследство. Оваа иницијатива има за цел да се подобрат вештините на младите во заштитата на културното наследство и да се поттикне меѓусебното разбирање.

Дополнително, УНЕСКО има развиено креативни онлајн алатки. Сетот на алатки за Светското културно наследство во рацете на младите (The World Heritage in Young Hands Kit) ги запознава младите со сајтови за светското наследство, нивната историја, своите и туѓите култури. Сетот на алатки за разновидноста кај младите ја подигнува свеста за значењето на културната разновидност и креативниот потенцијал во промовирањето на критичкото размислување, самоизразувањето и дијалогот.

Повеќе достапни информации на:

**http://whc.unesco.org/en/wheducation/иhttp://whc.unesco.org/en/wheducation/ and http://en.unesco.**
**org/creativity/capacity-building/youth/diversity-kit-for-youth**

***Предизвик.*** Во земјите каде што недржавните актери се клучни даватели на услуги во образованието, унапредувањето на инклузијата и почитувањето на различностите преку наставните програми и педагошките практики е тешка задача, особено во случај на недржавно регулираните училишта, кои се движат паралелно со државниот систем. Нерегулираните училишта можат да ги насочат децата во посебен систем на вредности, кои не можат да ги промовираат граѓанските вредности и кои можеат да ги спречат учениците да развијат широка перспектива за светот и за општеството на кое му припаѓаат. Во некои околности, таквите системи очигледно не успеваат доволно да ги подготват учениците за светот на работата и технологијата, а со тоа придонесуваат за нивна маргинализација, што, пак, може да го влоши нивното социјално незадоволство[24].

Ризиците од влошувањето на социјалните поделби преку умножување на училишните системи можат да се намалат со воспоставување на ефективни механизми за политички дијалог. Поставувањето на минималните академски и други стандарди за сите форми на образовни институции во државата, како и следењето и спроведувањето на нивната примена (преку испити, просветна инспекција итн.), исто така, може да бидат корисни.

## 3.2. Педагогии кои ја зајакнуваат еластичноста и конструктивниот ангажман

***Зошто еластичност?*** Поединците може да бидат привлечени кон насилни екстремистички групи од лични причини кога придобивките од приклучувањето во група, и во вид и во статус, се чини дека ги исполнуваат специфичните потреби и обезбедуваат едноставни решенија за комплексните дилеми. За да се спротивстават на овие трендови и за да се зајакне еластичноста на учениците кон насилните екстремистички наративи, наставниците треба да посветат посебно внимание на личните предизвици на учениците додека се борат со прашања за благосостојбата, идентитетот и значењето и се во искушение да се обратат за одговори кон харизматичните лидери. Тоа подразбира мотивирање, поддршка и опремување на наставниците со соодветни вештини и алатки за да ги разберат сопствените предрасуди, а потоа дополнително да изградат одбрана од насилните екстремистички наративи на ниво на секој ученик поединечно. Тоа, исто така, може да биде корисно за наставниците да се поврзат со други засегнати професионалци во заедницата (од правосудството, социјалниот инпсекторат за заштита на децата итн.) во поглед на обезбедување релевантна и навремена заштита на учениците.

Со оглед на тоа дека учениците во современото општество имаат пристап до мноштво ресурси за учење, посебно на интернет, постои ограничување во врска со тоа што училиштата како институции можат да направат за да ги заштитат учениците од факторите на привлекување. Затоа, најефективни одбрани од тоа се оние кои ја поттикнуваат самодовербата и капацитетите на учениците да изберат здрава одлука.

***Како?*** Еластичноста кон насилниот екстремизам подразбира отпор кон поедноставените, еднодимензинални вистини и пораки, кои ја оправдуваат или дури ја зголемуваат омразата и употребата на насилството како средство за решавање на проблемите. Истражувањата покажуваат дека одредени когнитивни, социјални и емоционални вештини можат да им помогнат на учениците да се спротивстават на ваквите тесни перспективи[25]. Способноста да се размислува критички и да се разбере дека постојат мноштво гледишта претставува една таква вештина. Тоа на учениците им овозможува да ги гледаат

работите од повеќе перспективи наметнати од страна на другите. Тоа, исто така, го нагласува и објективното учење, со што се намалува ризикот од дејствување врз моменталните емоции и не дозволува учениците да станат плен на теории на заговор.

За да се развијат овие вештини, на учениците треба да им се дадат можности или платформи за да дискутираат, на соодветен начин, за чувствителни и „горливи“ прашања кои ги делат заедниците, ги оптоваруваат децата и поттикнуваат поедноставен поглед на светот и на другите. Со создавање на сигурен простор за конструктивен дијалог, каде што учениците доживуваат неконфликтни дискусии за контроверзни теми, образовните системи им помагаат на учениците да го развијат сопственото разбирање на сложените прашања и да ги преиспитаат своите претпоставки и претпоставките на другите. Учениците, исто така, можат да ја изострат својата способност за дијалог со почитување, да ги предвидат одговорите, да управуваат со своите емоции и да предизвикуваат предрасуди.

Конечно, ако овие дискусии се добро подготвени и управувани, учениците ќе можат да ги разберат недостатоците и манипулациите на помалку веродостојните извори на информации кои влијаат на теоријата на заговор. Таквите дискусии, исто така, можат да ги развијат способностите на учениците за борба против насилните екстремистички наративи. Овие вештини се особено важни за учениците кои живеат во конфликтни и постконфликтни општества. Предметот на дебатата во овие дискусии е помалку важен од начинот на кој се дебатира и од социјалната динамика која учениците ја доживуваат во тој процес.

Во контекстите каде што насилните екстремистички групи тврдат дека дејствуваат во име на верските или поинаку идентификуваните заедници, важно е училиштата да им обезбедат на учениците точни и релевантни знаења и вештини со кои се поттикнува и се олеснува меѓукултурниот дијалог. Тоа вклучува настава за културната разновидност во рамките на ученичките општества и давање факти за различни религиозни и нерелигиозни погледи на светот.

Притоа, големо внимание треба да се посвети на тоа да не се прават поширoки генерализации за религиозните и нерелигиозните погледи на светот и нивните заедници, кои можат да ги навредуваат своите членови и имплицираат дека насилните екстремисти се предизвикани од овие заедници или дека сите нивни членови се потенцијални насилни екстремисти. Поради тоа, негувањето на социоемоционалните вештини, како што се: емпатија, сочувство и свесност[26], се особено значајни во овој контекст.

Исто така, учењето за медиумската и информатичката писменост – МИЛ (MIL) не е само опција, туку и одговорност со цел да се спречи насилното екстремистичко

праќање на пораки, кое сè повеќе користи софистицирани методи на убедување, како онлајн на интернет така и преку лично менторство еден на еден. Училиштата не можат да ги сопрат масовните комуникациски напори кои доаѓаат од харизматичните насилни екстремистички лидери насочени кон учениците, но тие можат да им помогнат на учениците одговорно да се ангажираат со медиумите и информатичките системи и да развиваат аналитички вештини кои ќе им овозможат критичко вреднување на информациите и на медиумските содржини кои доаѓаат од различни извори на информации.

Медиумската и информатичката писменост – МИЛ (MIL) им помага на учениците, поттикнувајќи ги внимателно да ги прегледаат податоците, информациите и медиумските содржини (во пишана и во форма на видео), кои тие ги восприемаат и им нуди вештини за да можат да создаваат сопствени содржини за човековите права, толеранцијата и културата на мирот со користење на информатичките и комуникациските технологии.

## Резиме на компонентите за медиумска и информатичка писменост – МИЛ (MIL), предмети на изучување и компетенции

| МИЛ-компоненти | МИЛ-предмети на изучување | МИЛ-компетенции<br>Информатичко.<br>Писменото лице е во состојба да: |
|---|---|---|
| 1. Препознавање на побарувачката, можност да се пребарува, можност да се пристапи и да се пронајдат информатички и медиумски содржини. | 1.1. Дефиниција и артикулација на потребата од информации. | 1. ја утврди и да ја артикулира природата, улогата и обемот на информациите и медиумите (содржината) преку различни ресурси; |
| | 1.2. Пребарување и локација на информации и медиумски содржини. | 2. пребарува и да лоцира информации и медиумски содржини; |
| | 1.3. Пристап до информации, медиумски содржини и провајдери на медиуми и информации. | 3. пристапи до потребните информации и медиумски содржини ефективно, ефикасно и етички, како и до медиумите и до информатичките провајдери; |
| | 1.4. Пронаоѓање и одржување/чување/задржување на податоци и медиумски содржини. | 4. вчита и привремено да ги чува информациите и медиумските содржини користејќи различни методи и алатки; |

| МИЛ-компоненти | МИЛ-предмети на изучување | МИЛ-компетенции<br>Медиумски и информатички.<br>Писменото лице е во состојба да: |
|---|---|---|
| 2. Разбирање, оценувањеи евалуација на информации и медиуми. | 2.1. Разбирање на информациите и медиумите. | 5. ја разбере неопходноста од медиумите и од провајдерите на информации во општеството; |
| | 2.2. Оценување на информации и содржини од медиумите и провајдерите на медиуми и информации. | 6. оцени, анализира, споредува, артикулира и применува првични (иницијални) критериуми за оценување на информациите преземени од неговите извори, како и критериуми за оценување на медиумите и провајдерите на информации во општеството; |
| | | 7. ја оцени и да ја провери автентичноста на собраните информации и медиумски содржини од медиумите и од провајдерите на информации во општеството; |
| | | 8. синтетизира и да организира информации и да гиспојува медиумските содржини; |
| 3. Создавање, користење и следење на информации и медиумска содржина. | 3.1. Создавање на знаења и креативно изразување. | 9. креира и да произведува нови информации, медиумски содржини или знаења за специфична цел на иновативен, етички и креативен начин; |
| | | 10. комуницира со информации, медиумски содржини и знаења на етички, законски и ефикасен начин, користејќи соодветни канали и алатки; |
| | | 11. се ангажира со медиумите и со провајдерите на информации за самоизразување, интеркултурен дијалог и демократско учество преку различни средства на етички, ефективен и ефикасен начин; |
| | | 12. го следи влијанието на креираните и дистрибуираните информации, медиумските содржини и знаења, како и користењето на постоечките медиуми и другите провајдери на информации. |

Извор: UNESCO Global Media and Information Literacy Assessment Framework: Country Readiness and Competencies. Табела 6, страна 59. УНЕСКО, 2013 година. <http://unesdoc.unesco.org/images/0022/002246/224655e.pdf#page=52>
пристапено на: 20.2.2017 година

Еластичноста е повеќе од пасивен отпор кон насилниот екстремизам. Таа вклучува чувство на лична одговорност и ангажман. Во овој поглед, граѓанското образование, сметано како составен дел од образовниот систем, обезбедува средства за надминување на одвојувањето на младите. Ако е наменето за оваа цел, граѓанското образование може да ги охрабри и да ги мотивира учениците да дадат свој конструктивен придонес за општеството и да ги поддржат општествените промени преку ненасилни начини во нивната локална средина.

Во овој поглед, концептот на глобалното граѓанство е особено важен за да ја поттикне отпорноста на учениците кон ексклузивните гледишта на светот кои ја загрозуваат една група против друга. Преку глобалното граѓанство учениците учат за меѓусебната зависност и меѓусебната поврзаност на светот и неговите различни групи на население. Тие учат да ги ценат и да ги почитуваат различностите и разликите и да ги развиваат вештините, ставовите и однесувањата кои ќе им овозможат да придонесат и да напредуваат во различни општества.

Најмногу од сè, глобалното граѓанско образование повикува на активна солидарност и емпатија меѓу луѓето, во и надвор од националните граници, како и на одговорно делување, користејќи ненасилни средства за предизвикување на промени.

## 3.3. Безбедни и поддржани училишни средини

***Училиштата како места за социјализација.*** За 563 милиони деца и адолесценти во средното образование[27], училиштето е една од најважните општествени средини надвор од нивните семејства. Тоа е местото каде што тие учат како да гледаат и да комуницираат со другите членови на нивното општество, да се соочат со тоа како нивното општество ги третира и ги поврзува со врсниците.

За овие ученици и за оние кои ќе имаат пристап до образованието, во годините што следуваат, од клучно значење е училиштата да бидат безбедни и да ги поддржуваат средините за учење. За жал, за многу деца, тие можат да бидат прва друштвена средина каде што ќе станат цел на намерно и агресивно однесување и/или каде што тие се стекнуваат со модели кои можат да го надвладејат нивното когнитивно разбирање дека недискриминирачката употреба на насилство[28] е во ред. Под овие услови училишта стануваат места каде што учениците го развиваат или го зајакнуваат чувството на исклученост и нетолеранција наместо да се доживуваат како прифатлив етос во нивното општество.

Во спречувањето на насилниот екстремизам преку образованието ништо не е поважно од тоа училишната средина сама по себе да биде ненасилна и да се зајакне за да се осигура дека сите ученици, девојчиња и момчиња, од прва рака ќе искусат и ќе научат како да живеат заедно во мир.

***Нулта толеранција за насилството.*** Бројни фактори го обликуваат насилството во училиштата и начинот на кој образовниот кадар се справува со тоа: животот на ученикот дома, надворешната средина на училиштето, културното разбирање на насилството во општеството, социоекономските фактори, родовата динамика итн. Може да има разлики меѓу културите, општествата и нивните правни системи во дефинирањето на она што претставува насилен чин или средина. Сепак, генерално се подразбира дека насилството се јавува во социјални, физички и психолошки форми и вклучува работи, како што се: телесно и психичко казнување, малтретирање, сексуално и родово насилство, церемонии на насилнички иницирања кои се практикуваат во високообразовните институции итн. Исто така, тие може да бидат направени од страна на наставниците и од другите членови на училишниот персонал и/или од страна на учениците врсници[29].

Тоа што е жалосно во однос на овие форми на насилство во контекст на учењето, надвор од нивниот разурнувачки ефект врз жртвите, е целокупниот етос кој се шири низ една институција кога насилството е прифатено како нормално средство за решавање на проблемите, вклучувајќи ги и учениците кои не се вклучени. За да се елиминира ова тивко, но штетно верување, училиштето треба да усвои јасна политика на „нулта толеранција за насилството“.

Иако оваа политика не може веднаш да стави крај на насилството, таа е ефикасна во испраќањето на јасна контрапорака дека институцијата и сите нејзини членови се обединети во заложбата да не се толерира каква било форма на насилство. Оваа експлицитно политичка порака може да помогне да се неутрализира имплицитната и прикриена порака дека насилството е прифатливо, што се врши од страна на училиштето кога го толерира насилството. Ова е една од целите на донесувањето на кодекс на однесување за наставниците и учениците, со кој треба да се постави норма и да се „забрани“ насилното однесување во училиштето.

Градењето на грижлив етос во контекст на училиштето подразбира справување со случаи на насилство во училиштето, како можност да се покаже дека училишниот кадар е посветен на ненасилството и на почитувањето на човековото достоинство. Следствено, кога има појава на насилство, дисциплинските мерки треба да бидат едукативни, а не чисто казнени. Учениците треба да го разберат нивното лошо однесување и влијанието од нивните постапки[30]. Во овие околности, исто така, од витално значење е учениците да се вклучат во дијалогот за да ги разберат

причините и процесите на ескалација на конфликтот кои довеле до употреба на насилство. Исто така, еднакво важно е учениците да учествуваат во пронаоѓање на фер резолуција. Другите ефективни стратегии вклучуваат употреба на добро структурирана и надгледувана медијација на врсниците за решавање на случаите на насилство во средните училишта. Развојот на вештините за решавање на конфликти меѓу учениците (од сите возрасти), наставниците, вработените во училиштето и родителите, исто така, може да биде од корист преку вклучување на образованието за мир и решавање на конфликти во формалното образование и добро насочените програми за информирање.

## Национални иницијативи на Кенија за решавање на радикализацијата на младите во образовните институции

За да се справи со насилниот екстремизам и радикализацијата во училиштата, Министерството за образование, наука и технологија на Кенија започна нова национална стратегија насочена кон младите во 2014 година, насловена како *Иницијативи за решавање на радикализацијата на младите во образовните институции во Република Кенија*. Стратегијата усвои мерки кои им служат на интересите и благосостојбата на учениците. На пример, таа вклучува напори за создавање училишни средини прилагодени за учениците и истите ги охрабрува да учествуваат во „академиите за таленти“ за да се занимаваат со подрачја од сопствен интерес, сѐ со цел да ги канализира нивните енергии и нивната страст за учење и истражување на конструктивен начин.

Стратегијата, исто така, вклучува и укинување на рангирањето на училиштата врз основа на училишниот успех. Тоа требаше да го намали претераното давање на акцент на испитите и да го намали притисокот врз учениците, со вклучување на други показатели за постигнувањата на учениците, како што се способностите во спортот и уметничкиот талент. Целта е да се намали стресот кај учениците дома и во училиште, кој може да се одбегне, на пример, преку тактики за победа итн. Стратегијата, исто така, користи и други ефективни средства за спречување на насилниот екстремизам, вклучително и интеграцијата на ПВЕ-Е (PVE-E) во наставните планови и програми, усвојување на мултисекторски и мултипристап на засегнатите страни, охрабрувајќи го учеството на учениците преку процесите на ученичко управување и учење меѓу врсниците сокласници и вклучување на медиумите како засегната страна.

***Поддржувачка средина.*** На учениците кои се ранливи, бидејќи се во опасност да бидат дискриминирани и маргинализирани, им треба внимание и поддршка. Тоа може да бидат децата од културните малцински групи, кои се преселиле од други региони или земји, кои немаат јазични вештини што се користат како средство за настава во училиштето или кои имаат физички или психички карактеристики кои ги прават различни од мнозинството. За нив би требало внимателно да се осмислуваат интегративните услужни активности.

Едноставните активности, како што се: учество во клубови, дебатни друштва, спортски и други воннаставни активности можат да поттикнат чувство да се биде ценет и признаен од страна на врсниците и од заедницата, кои претставуваат клучни фактори за социјална интеграција.

Услугите кои им се нудат на овие групи ученици треба да имаат за цел да ја осигураат нивната интеграција во училишната средина, но оваа интеграција мора да се сфати како вклучување врз основа на почитување на различностите. Напорите за интеграција кои се преземаат на сметка на различни ученички особини можат да бидат контрапродуктивни. Понатаму, потребна е тактика за да се избегне обележувањето на оние кои имаат потреба од интегративните услуги. Веднаш штом ќе се здобијат со основни вештини за интеграција, тие треба да завршат со оваа „услуга“ и веднаш да бидат вметнати во редовниот живот на училиштето.

Училиштата и средините за учење во целина, треба да бидат поддржувачки, не само за учениците со посебни потреби туку и за пошироката ученичка популација. Навистина, истражувањата покажале дека учениците кои чувствуваат среќа и благосостојба во училиште се со поголема веројатност академски да се истакнат[31].

## *Кива интернешнл* – против училишното малтретирање

Програмата ***Кива кулу*** (*Nice school*) е програма за борба против малтретирањето и е базирана на едно истражување. Истата е развиена на универзитетот во Турку, Финска, со средства од Министерството за образование и култура (http://www.kivaprogram.net). Деведесет проценти од сите средни училишта во Финска се регистрирани Кива-училишта кои ја спроведуваат програмата. Освен позитивниот ефект на програмата врз училишната клима, биле забележени подобрувања во училишната мотивација и во постигнувањата. Се увидело дека *Кива* ја намалува анксиозноста и депресијата и дека има позитивно влијание врз перцепцијата на учениците и нивните врсници. Извонредни 98 проценти од жртвите кои се вклучени во разговорите со Кива-тимовите во училиштата сметале дека нивната ситуација се подобрила. Конечно, финските податоци за повеќе од 1 000 училишта кои започнале со спроведување на Кива-програмата во есента 2009 година покажале дека по првата година од спроведувањето, виктимизацијата и малтретирањето значително се намалиле. Програмата *Кива* ја добила Европската награда за превенција од криминал во 2009 година.

**Дознајте повеќе за пристапот на Финска во ПВЕ (PVE) на:**
**http://www.finlandun.org/public/default.aspx?contentid=341895&nodeid=35880&contentlan=1&culture=fi-FI**

## 3.4. Конкретни мерки за учениците изложени на ризик

***Предизвици во идентификувањето на учениците во ризик.*** Иако понекогаш е потребно, идентификувањето на учениците кои се ранливи или кои се изложени на радикализација која води кон насилство е деликатен потфат за училиштата и за нивните вработени. Постоечките показатели и знаци на индивидуална ранливост жестоко се дебатираат меѓу професионалците во образованието, бидејќи тие се предмет на многу фактори, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на контекстот. Навистина, примената на овие показатели може да доведе до погрешно пријавување и пречекорување на пријавени случаи, со тешки последици за учениците, семејствата и училиштата. Лошото известување е многу реален ризик, бидејќи т.н. знаци, исто така, можат да пренесат изразување на личните напори или знаци на неуспешни лични амбиции, кои немаат ништо заедничко со радикализацијата на процесите кои доведуваат до насилство.

Ако показателите се применуваат несоодветно или во брзање, може да се случи стигматизација или лажни обвинувања. Ова би можело да поттикне и дискриминација од страна на сторителите и чувство на неправда на жртвите, кои може да се искористат за да се оправдаат актите на насилниот екстремизам.

Предизвиците во примената на показателите и знаците во поединечни случаи се толку големи што некои експерти тврдат дека училиштата треба да се концентрираат на педагошка превенција и да се воздржат од обидот да ги идентификуваат потенцијалните насилни екстремисти.

Сепак, со оглед на зголемувањето на случаите на насилни екстремистички дела, постои чувство дека образовниот персонал и семејствата погодени од таквите појави бараат помош за решавање на тешките случаи. Со оглед на таквите барања, одбивањето за давање насоки не е опција.

Како одговор на загриженоста и на прашањата кои можат да ги постават наставниците, воспитувачите и едукативниот персонал во целина за тоа како да се применуваат показателите на начин кој не ја намалува главната цел на образованието и не ги поткопува правата на одделни ученици, може да се препорачаат следниве практики:

- П

  ринципот кој стои зад кој било сет на показатели треба да диктира дека тие треба да бидат индикативни и да не пропишуваат, т.е. да бидат осмислени така што на професионалците да им овозможат да ги идентификуваат учениците изложени на ризик и, пред сѐ, да им дадат соодветна поддршка уште во раната фаза, која ќе ги штити од регрутирање во насилните екстремистички групи и ќе им помага на учениците да го отфрлат насилството.

Употребата на таквите показатели треба да биде предмет на меѓусебни контролни прегледи, вклучувајќи ги и вработените во образованието и загрижените во семејството за да се осигура дека постојат различни мислења за однесувањето на ученикот пред да се донесе одлуката.

- Соодветната употреба на таквите показатели бара добро разбирање меѓу загрижените засегнати страни, вклучувајќи ги и членовите на заедницата, за тоа кој е ранлив и кој е изложен на ризик. Ова вклучува точна проценка на психосоцијалната динамика на играта во овој контекст. Врз основа на ова споделено заедничко разбирање, помош и поддршка може да се обезбеди за поединецот кој е изложен на ризик со смалување на ризикот од предизвикување повреда или штета на невините. Тоа вклучува преземање на сите напори за решавање на социјалните и личните предизвици со кои се соочуваат поединци, а посебно внимание се посветува на нивните поединечни права и одговорности. Горенаведените мерки на претпазливост се релевантни за превентивните напори, како и за активностите за одвојување, рехабилитација и реинтеграција.

Показателите и знаците на радикализација кои доведуваат до насилство вклучуваат специфични однесувања или ставови, кои во комбинација со поединецот можат да укажуваат дека лицето е на пат кон насилство. Овие знаци можат да бидат, на пример, жестоки упатувања на неправди или поплаки, манифестации на психолошка изманипулираност, ненадејна потрага по идентитет или припадност на група, изразување на поларизирани погледи, прекин на односите со членовите на семејството и пријателите, идентификација со група или идеологија, промена во облекувањето и дневните навики, демонстрација на ставови кои ја оправдуваат употребата на штетни средства за да се постигне целта итн.)

***Процес на упатување.*** Со цел да се избегнат грешки во процесите на упатување, се препорачува механизмите за упатување и протоколите да се изработуваат во консултација со лидерите на заедницата, наставниците, одговорните во училиштето, учениците и назначените професионалци од секторите правосудство, здравство и заштита на децата, кои работат како лица за контакт во и надвор од училиштата.

Овие механизми мора јасно да ги дефинираат поединечните улоги и одговорности на сите релевантни чинители, особено што се однесува до процесот на донесување одлуки. Исто така, треба да се наведат применливите етички и правни рамки и да се објаснат процедурите за поднесување на преставки за прекршоци пред соодветните тела.

Со цел да се ублажат ризиците од прекумерно и погрешно известување, договорените механизми за упатување би требало, исто така, да обезбедат индиции за тоа како и кога треба да се вклучат и да се поврзат со семејствата, заедниците, заинтересираните професионалци (на пример, социјални и здравствени работници) и соодветните јавни тела. Ова вклучува и да се одреди улогата на полициските службеници за влез во просториите на училиштето со цел да се изгради доверба меѓу заедницата и училиштето и да се обезбеди училиштето и понатаму да остане безбеден и инклузивен простор за учење.

Конечно, договорениот процес на упатување мора да биде доставен до учениците и до нивните родители, како и до засегнатите водачи и партнери во заедницата, сè со цел да се изгради доверба меѓу училиштето и заедницата.

## Училиштен механизам за упатување и протокол за спречување на радикализацијата на младите, Франција


Prévenir la radicalisation des jeunes

QU'EST-CE QUE LA RADICALISATION ?

Prévenir la radicalisation des jeunes / MENESR / 2015

Министерството за образование, високо образование и истражување на Франција издаде брошура за директорите на образовните институции и за образовниот кадар во која се објаснува за механизмот за упатување, кој во моментов постои во Франција, за да пријават случаи на радикализација која води кон насилство и која им дава поддршка на младите лица во ризик.

Брошурата обезбедува основни информации за процесот на радикализација и неговите знаци на предупредување, упатства за пријавување на случаи, детали за контакт со релевантни јавни услуги. Брошурата дава насоки и информации за правните рамки кои го регулираат системот на упатување.

За да дознаете повеќе: Ministère Nationale de L'Education Nationale, de l'Enseignement Supèrieur et de la Recherche. 2015. Prévenir la radicalisation des Jeunes <http://cache.media.eduscol.education.fr/file/Prevention_radicalisation/20/2/prevention_livret_567202.pdf> пристапено на 2.11.2016 година.

Откако ќе се воспостават механизмите и протоколите, наставниците, воспитувачите, училишниот персонал и лидерите на заедниците треба да бидат обучени за тоа како да ги следат протоколите за упатување и да направат разумни пресуди врз основа на предложените показатели и знаци.

Означувањето на контактна точка во локалната заедница, која е одговорна за спречување на насилниот екстремизам и која има соодветни компетенции за да се справи со ова прашање, може да биде корисно за советување и поддршка на училишниот персонал за време на обуките. Развојот на напишаните упатства и прирачници за сите оние кои се вклучени во процесот на упатување е важен за да се олесни координацијата и размената на информации меѓу засегнатите страни.

Треба да се избегнуваат неподготвените обиди за да се идентификуваат учениците во ризик. Кога училиштата ќе ја изгубат довербата на своите ученици, тие ја губат моќта на влијание, а се губи и надежта дека ќе се преземат ефикасни превентивни напори. Во најлош случај, тие може дури и ненамерно да придонесат за одгледување на насилните екстремистички размислувања, а со тоа да се создаде непријателска училишна клима.

***Родовата перспектива.*** Насилниот екстремизам е неоспорен родов феномен[32]. Навистина, иако сѐ повеќе се известува дека жените играат активна улога во насилните екстремистички организации и напади како напаѓачи и поддржувачи, мажите сѐ уште се почести сторители на насилните екстремистички дела и затоа се цели на кампањите за регрутирање[33]. Со оглед на преовладувачките специфичности на жените и мажите, сите напори за превенција треба да ја интегрираат родовата перспектива кога се соочуваат со учениците кои се изложени на ризик. Ова може да вклучува решавање на родовата димензија на покренувачите на насилниот екстремизам.

Бидејќи жените и девојките се сериозно погодени од екстремистичкото насилство, потребите и правата на жените треба да се промовираат преку напорите за превенција, како и преку нивното лидерство во таквите иницијативи. Ова вклучува обезбедување дека на жените, а посебно на младите жени, им се дава можност да им се слушне гласот во училишната клима. Претпоставка е дека ако зајакнат и ако добијат вистинска поддршка, младите жени можат да имаат олеснителна улога во ширење на насилниот екстремизам и радикализацијата, кои, пак, доведуваат до насилство меѓу врсниците.

Еднакво се важни и родово специфичните можности за исклучување, рехабилитација и реинтеграција на жените и мажите, кои можат да им помогнат на поединците кои се изложени на ризик од насилство (на пример, насилство врз основа на родот), ако и тие самите биле жртви на насилниот екстремизам, додека биле членови на овие групи .

## 3.5. Соработка на засегнатите страни

Ефективната работа за спречување на насилниот екстремизам е ретко возможна без заемно разбирање, соработка и доверба меѓу образовните институции и различните сектори на заедницата кои имаат образовна улога. Во продолжение е дадена целосна презентација на актерите кои имаат клучна образовна улога во превенцијата од насилниот екстремизам. Листата подолу не е сеопфатна. Постојат многу други професионални категории кои би можеле да се додадат на овој список, на пример, уметници кои изведуваат претстава, бизнис-заедницата, медицинската заедница итн. Актерите подолу се оние кои покажале рано вклучување во напорите за превенција.

Многу од овие актери веќе спроведуваат иновативна превентивна работа преку каналите на неформалното образование на ниво на општина или зедница. Меѓутоа, нивните секојдневни придонеси за социјална кохезија честопати се потценети и заслужуваат да бидат подобро познати и тоа да се земе предвид при дизајнирање на националните образовни превентивни стратегии и активности.

Преку следните презентации имаме намера да обезбедиме совети за можни подрачја на соработка и прашања кои треба да се земат предвид при соработката со овие клучни засегнати страни.

***Семејства.*** Непотребно е да се каже дека родителите и потесното семејство се најважни во процесот на социјализација на учениците. Обично, познавањето на семејството на ученикот и позадината им помага на наставниците и на училиштето да го разберат неговото или нејзиното однесување во училишната средина. Во случај на насилен екстремизам, истражувањата покажале дека семејните претходници на членовите на насилни екстремистички движења не даваат заедничка основа за објаснување. Меѓутоа, семејството може да игра важна улога во заштитата на учениците кои се изложени на ризик. Затоа, потребно е родителите да ги разбираат процесите на радикализација кои водат кон насилство и истите да се стекнат со вештини за да имаат проактивна улога во обликувањето на позитивните ставови кон ненасилството.

Навистина, мајките и татковците можат да извршат особено конструктивно влијание ако знаат како да комуницираат со своите деца на смислен начин, без морализирање. Кога мајките се информирани, поддржани и зајакнати, тие се во добра позиција да препознаат потенцијална ранливост[34]. Татковците и другите машки членови на семејството имаат значајна одговорност да вреднуваат и да покажат ненасилни модели на машкост.

Кога соработуваат со семејствата, училиштата треба да избегнуваат генерализирање што ќе ги стигматизира домаќинствата или треба да се обидат да воспостават поедноставни корелации помеѓу видовите на домаќинства (на пример, семејство двојка, самохран родител итн.) и насилниот екстремизам.

***Млади луѓе.*** Младите луѓето се меѓу првите погодени од насилниот екстремизам. Тие честопати се жртви и сторители на насилни екстремистички активности. Ова ги прави подеднакво клучни партнери во борбата против насилниот екстремизам. Ако младите луѓе ги гледаме како соработници на решенија, а не како проблем, потребно е да се искористи нивниот потенцијал и да станат трансформативна сила, особено во училиштен контекст. Ако се третираат како еднакви и одговорни партнери, со јасни права и одговорности, тие можат значително да придонесат за обликување и за спроведување на соодветни програми и политики. Нивниот потенцијал за создавање приказни вкоренети во вредностите на културната разновидност и заемно разбирање, кои се спротивставуваат на празните ветувања и пропагандите на насилните екстремистички групи преку медиумите и ИКТ, треба во потполност да се искористи.

## *Кафе толкс* (Cafétalks) – иницијатива предводена од младите во градењето на мирот и борбата против насилниот екстремизам, Тунис

Младите миротворци, како што се младите од Националната иницијатива на младите против тероризмот – Тунис, активно учествуваат во промовирањето на мирот и борбата против екстремизмот. Како дел од работата на оваа иницијатива е и вклучувањето на младите во градење на мирот. Аслем го води проектот „Кафе толкс амбасадори“, проект на младите кој ги собира младите жени и мажи во кафулиња за да учествуваат во отворена дискусија на теми кои ги засегаат. Еден од говорите беше насочен кон уметноста како оружје против насилниот екстремизам. Една од главните причинители на екстремизмот е немањето на можност за учество во културни активности кои ја промовираат и ја одразуваат богатата историја и цивилизација на нацијата. Овие разговори се од суштинско значење за подигање на свеста и за обликување на чувството за припадност кон заедницата и општеството.

Важно е да се напомене дека „младите“ и „учениците“ честопати се сметаат за одделни групи. Учесниците од секоја група дејствуваат паралелно, со мала интеракција и соработка меѓу нив. Сепак, двете групи во голема мера се преклопуваат во повеќето земји. Мерките кои се применуваат на учениците во голема мера се однесуваат на младата популација и прашањата кои се однесуваат на младите, исто така, се однесуваат на популацијата на ученици. Би требало да има поблиска соработка на образованието на засегнатите страни со младите актери, надвор од рамките на образовниот систем.

***Верските заедници и нерелигиозните светски организации.*** Отворениот дијалог меѓу членовите на верските заедници, нерелигиозните светски организации и другите претставници на општеството е од клучно значење за да се изгради клима на доверба и заемна почит во општеството и е пример за мирен дијалог. Дијалогот во рамките на заедницата подеднакво е важен за да се разбере и да се цени различноста на мислењата и искуствата во рамките на заедниците.

Дијалогот со оние кои можат да имаат различни мислења, вредности и верувања од сопствените, како внатре така и надвор од заедницата, може да ги поттикне учениците да ги надминат предрасудите и да направат разлика меѓу фактите и стеротипите[35].

Спроведувањето на оваа цел може да бара претходна обука на верските лидери и едукатори за тоа како да се олесни таквиот дијалог и да се даде поддршка на учениците во ризик, кои бараат психолошка и социјална поддршка. Бидејќи младите луѓе кои се изложени на ризик можат да се свртат кон верските лидери за советување, овие обуки, исто така, треба да ги известат лидерите за постоечките процеси за упатување и да дадат соодветни услуги за поддршка. Лидерите, исто така, можат да бараат насоки за нивните права и одговорности кон младите во согласност со постојната законска регулатива.

## Спречување на радикализацијата, Индонезија

Во однос на борбата против радикализацијата која води кон насилство, во студијата *Спречување на радикализацијата и тероризмот – случајот на Индонезија* се наведува дека „централниот елемент на индонезискиот модел вклучува работа преку мрежи на поединци кои имаат верски кредибилитет, кои се добро воспоставени и во голема мера почитувани во рамките на различните групи кои имаат далекусежно влијание врз општеството". Извештајот го наведува тоа дека големите и популарни национални верски организации (на пример, *Мухамадлијах*, *Нахдлатул улама* и фондацијата *Либ фор ол*) направија напори за борба против насилниот екстремизам, кој се фокусира на училиштата и на универзитетите, а посебно на верските училишта. На пример, курсевите што се нудат во исламските училишта и универзитетите во Мухамадлијах треба да станат ... „повеќе плуралистички ... да ги вклучат предметите како што е Светските религии каде што се изучуваат сите религии". Како резултат на тоа учениците имаат „повеќе искрени и поотворени дискусии" меѓу себе, не само за религијата туку и за светските прашања и тековните настани.

Извор: Ranstorp, M. 2009. *Preventing Violent Radicalization and Terrorism – The Case of Indonesia*, 6. Стокхолм, Шведска, Универзитет за национална одбрана.

***Институции задолжени за спроведување на законот.*** Соработката меѓу училиштето и полицијата може да биде корисна во напорите за превенција ако заедничките акции се регулирани во согласност со националните образовни стратегии и ако соодветните улоги и одговорности на секој партнер се добро дефинирани и разбирливи од страна на полицијата, образовниот кадар, учениците и семејствата.

Недовербата меѓу учениците и институциите задолжени за спроведување на законот ќе има негативно влијание врз комуникацијата меѓу училиштата и полицијата. Ова може да биде проблематично, особено ако е итно потребна полициска акција.

### *Јунити џем (Unity Jam)* иницијатива од *Конект џастис*, Велика Британија

Во проектот *Јунити џем,* младите луѓе на возраст од 16 до 25, во соработка со полицијата, за 48 часа ги решаваат проблемите во нивната заедница. Проектот е започнат од *Конект џастис* и претставува креативна вежба заснована на теорија на дизајнот: учење на нови нешта, подобрување на вештините, одбивање на идеи една од друга за да соработуваат со своите врсници. Но, наместо само да зборуваат, тие го „развиваат семето“ за тековното решение, а клучниот исход е младите луѓе да креираат производи/услуги како поефикасно да се ангажираат со полицијата. Овој проект се спроведува во три града во Велика Британија.

Градењето доверба меѓу училиштата и полицијата е од суштинско значење за да се обезбеди успешен исход на напорите за превенција од насилниот екстремизам. Тоа може да се направи преку различни активности. Полициските службеници можат да обезбедат совети или насоки за насилниот екстремизам и превентивни мерки за криминалот во целина. Тие, исто така, можат да интервенираат како едукатори за општите прашања за безбедноста. Младите, исто така, можат да бидат поканети да ги посетат обуките на полициските службеници, нудејќи им ги своите гледишта за одредени чувствителни прашања, како што е „стоп енд срч“ (stop-and-search), кое има тенденција непропорционално да влијае на младите луѓе. Таквите еднократни интервенции им овозможуваат на учениците и на полицајците мирна интеракција и дијалог, како и разбивање на заедничките претпоставки, стравот и можната недоверба.

## *Спречување на тероризмот и борба против насилниот екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам: пристап на полициско работење во заедницата*, од ОБСЕ




Овој прирачник дава упатства за централните прашања кои можат да влијаат на успехот или неуспехот на полициските напори да го искористат пристапот до заедницата за спречување на тероризмот и борбата против насилниот екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам. Тој е наменет за креаторите на политиките и за високите полициски професионалци, но може да им послужи и на лидерите на заедниците и на едукаторите кои сакаат да работат поблиску со полициските службеници.

Во прирачникот се објаснуваат основните принципи и карактеристики на пристапите на полициското работење во заедницата и пристапите во поглед на минимизирање на ризиците.

Комплетната публикација е достапна на http://www.osce.org/atu/111438.
Објавено од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), 2014 година.

***Поранешни насилни екстремисти.*** Доколку се на располагање, поранешните насилни екстремисти, кои сакаат да помогнат, можат да бидат многу веродостојни и многу ефикасни ресурси за превентивно образование и одвојување, а можат да помогнат и во активностите за рехабилитација и реинтеграција. Во голем број земји тие се поканети во училиштата да ги раскажат своите лични приказни за тоа како се приклучиле и како ги напуштиле насилните екстремистички групи и да предупредат за опасностите и разочарувањата од приклучувањето кон таквите групи. Некои од нив имаат свои веб-страници и спроведуваат свои обуки[36]. Постојат и пишани сведоштва и филмови од поранешната насилничка екстремистичка младина кои можат да се користат во наставата. Важно е во училиштата да бидат повикани поранешни насилни екстремисти од различни движења така што насилниот екстремизам да не биде постојано нагласуван како да доаѓа од една одредена група или популација.

### *Мојот поранешен живот* – Фондација за мир *Тим Пери Џонатан Бол* (Tim Parry Johnathan Ball)

*Мојот поранешен живот* е мултимедијален образовен ресурс кој е наменет за младите луѓе на возраст од 14 до 19 години. Тој се базира на документарниот филм „Формерс“ (Formers), кој ги споделува личните приказни на четворица поранешни екстремисти.

Образовниот филм ги истражува причините поради кои овие луѓе се одлучиле да се вклучат во насилен конфликт, последиците од нивните одлуки и зошто тие ги напуштиле своите групи. Во него се прикажува и тоа колку нивните животи напреднале откако се тргнале од насилството. Филмот го придружува и серија од работилници кои ги олеснуваат разговорите за предизвикувачката тема.

Целта на овој ресурс е младите луѓе по пат на учење и разбирање да ги сфатат причините, последиците и наследствата на насилниот екстремизам.

Дознајте повеќе на: http://foundation4peace.org/projects/my-former-life/

***Дигитални медиуми.*** Скоро секоја насилна и ненасилна екстремистичка група има своја сопствена веб-страница и во многу случаи одржува повеќе веб-страници на различни јазици со различни пораки прилагодени на специфичната публика. И учениците и младите луѓе, надвор од училишната средина, стануваат ранливи на нивната пропаганда и омраза. Училиштата најчесто го игнорираат ова прашање. Врските меѓу насилниот екстремизам и медиумите премногу често се сметаат како прашања кои треба да се решаваат со помош на интернет-провајдерите и другите заинтересирани страни во медиумите. Ова мора да се промени. Потребни се повеќе проактивни мерки за да се заштитат учениците и младите луѓе воопшто од изразите на насилниот екстремизам кои се пренесуваат преку медиумите, а посебно преку дигиталните медиуми. Ова вклучува подигање на свеста во училишната средина за медиумите или за дигиталното граѓанство, како да се користат интернетот и другите дигитални медиуми на конструктивен начин, вклучително и како да се разберат нивните штетни и негативни пораки, а, исто така, и како да се креираат нови платформи и мрежи за дијалог и заемно разбирање. Концептот на медиумската писменост или дигиталното граѓанство може да се интегрира во наставните програми и да служи како заедничка платформа за мобилизирање на едукаторите, преку целиот одбор, кои ќе развијат сродни вештини. Ангажманот на граѓанското општество, како и на онлајн заедниците и на интернет-посредниците (на

пример, пребарувачите, давателите на интернет-услуги, онлајн социјалните мрежи итн.) е корисен за да се направи дигитален извор на сигурни информации. Блогерите и другите актери на социјалните медиуми, исто така, можат да се мобилизираат за да соработуваат со учениците за воведување на дигитално граѓанско образование[37].

## Дигитално граѓанско образование

Концептот на дигитално граѓанство препознава дека децата имаат корист од активното и одговорното учество во дигиталниот свет. За ефективно учество, децата мора да имаат компетенции кои ги оспособуваат во целост да ги истражуваат можностите кои ги нуди ИКТ и да бидат отпорни на придружните ризици. Неодамнешната студија на УНЕСКО во Бангкок го дефинира дигиталното граѓанство како „да се биде во можност да се најдат, да се употребат и да се создадат информации; соработка со други корисници и содржини на активен, критички, чувствителен и етички начин; да се плови онлајн и во ИКТ опкружување безбедно и одговорно, свесни за сопствените права“. Тоа опфаќа три димензии:

1. Дигитална писменост: Когнитивни, креативни и критички способности за креирање и поврзување со содржината.

2. Дигитална еластичност: способност за управување со онлајн ризици на интернет.

3. Дигитални права и одговорности: способност да се препознае сопственото право на еднаков пристап до ИКТ и правото на приватност, истовремено поддржувајќи ја одговорноста за почитување на правата на другите.

Референца: A Policy Review: Building Digital Citizenship in Asia and the Pacific through Safe, Effective and Responsible Use of ICT. UNESCO Bangkok, 2016. http://unesdoc.unesco.org/images/0024/002468/246813e.pdf

***Наставници.*** Наставниците имаат централна улога во спречувањето на насилниот екстремизам, но не како агенти за надзор, туку како едукатори. Во директен контакт со младите луѓе, тие можат да бидат примери, носители на промени и медијатори, негувајќи го дијалогот и моделирајќи го меѓусебното почитување. Тие, исто така, можат да бидат првите кои ги идентификуваат знаците на радикализацијата која води кон насилство и истите да ги ублажат преку истражување на контроверзни прашања. Конечно, наставниците можат да послужат како мост меѓу училиштето, семејството и пошироката заедница за да се обезбеди дека сите засегнати страни работат кон една заедничка цел – да ги поддржат и да им помогнат на учениците кои се изложени на ризик.

За да им се овозможи на наставниците да имаат конструктивна улога како брокери за мир, тие треба да бидат консултирани, мотивирани и опремени со соодветни алатки за настава и учење. Ова вклучува развивање на нивната способност за кај учениците да се поттикнат низа когнитивни и некогнитивни вештини, како што се: критичкото размислување, мултиперспективноста, разбирањето на комплексноста, моралната храброст и одговорното онлајн однесување на интернет, а сето тоа преку претходна обука и обука во текот на службата како наставник. Исто така, наставниците треба да бидат охрабрени да бидат внимателни кон личните предизвици на учениците кога се борат со прашања за идентитетот и значењето. Оваа димензија не треба да се занемарува ако наставниците треба да им обезбедат соодветна и навремена насока на учениците со која можат да помогнат во поткопување на процесот на радикализација.

Конечно, на наставниците треба да им се даде соодветна психолошка и социјална поддршка за да се соочат и да го надминат влијанието на нападите и заканите на насилните екстремистички групи кои го попречуваат нивниот капацитет да имаат конструктивна улога во превенцијата.

За жал, мора да се признае дека наставниците можат да бидат двигатели на насилниот екстремизам преку пренесување на пораки на омраза и на нетолеранција, кои негативно влијаат на учениците и на училишната клима. Во таквите случаи постоечките процедури и санкции против говорот на омраза треба да се применат и да се спроведат.

# 4. Модалитети на спроведување

# 4. Модалитети на спроведување

